## ГЛАСАЊЕ ПРЕКУ ПОЛНОМОШНИК

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник ( Полномошно за физички лица, Полномошно за правни лица).

Полномошното мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:
**- За акционерот** - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.
**- За полномошникот** - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите треба веднаш да го известат Друштвото за секое дадено полномошно по писмен пат на следната адреса:
РЕПЛЕК АД Скопје
Ул. Клозле бр. 188
1000 Скопје
Со назнака за Собрание на акционери

Друштвото може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на истото.

## ПРЕДЛАГАЊЕ НА ОДЛУКИ

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ке бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на друштвото.

Предлогот се доставува во писмена форма до Управниот одбор на друштвото преку архивската служба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој повик, во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.

Во прилог на предлогот акционертот доставува и соодветни документи за идентификација и тоа:

**За акционер физичко лице се приложува:**
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

**За акционер правно лице се приложува:**
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Тековна состојба од Централниот регистер во оригинал не постара од седум дена
- Копија од лична карата или пасош на законскиот застапник

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА НОВИ ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД

Акционери кои поединечно или заено поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со правно на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред по писмен пат, со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето се доставува во писмена форма до Управниот одбор на друштвото преку архивската служба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој повик, во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.

Во прилог на барањето акционерот доставува и соодветни документи за идентификација и тоа:

**За акционер физичко лице се приложува:**
- Извод од Центнрален депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
-Копија од лична карта или пасош

**За акционер правно лице се приложува:**
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од седум дена
- Копије од лична карта или пасош од застапник